КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-180-38/1
27.02.2020 год.
СКОПЈЕ

# МИСЛЕЊЕ

за консолидирана годишна сметка
на Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје

Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје, во текот на месец јануари 2020 година изврши ревизија на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2019 година, којашто вклучува консолидиран биланс на состојба и консолидиран биланс на успех, изготвена врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.
Ревизијата на консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (прифатени и објавени во Службен весник на Република Македонија бр.79 од 11 јуни 2010 година) и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење на ревизијата ревизорите, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на Консолидираната годишна сметка, вклучија соодветни постапки за прибавување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во Консолидираната годишна сметка.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од консолидираниот биланс на состојба и консолидираниот биланс на успех.

Раководството на Комерцијална банка АД Скопје е одговорно за подготвување и објективно презентирање на Консолидираната годишна сметка изготвена врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.

Со задоволство го прифаќаме Мислењето за Консолидираната годишна сметка на Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје, според кое Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2019 година е подготвена, во сите материјални аспекти, врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
НАДЗОРЕН ОДБОР

Сава Димитрова

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ 03